# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ЗА БЕСКОНТАКТНИТЕ КАРТИЧКИ НА СБ

**1. Што претставува бесконтактната технологија на картичките?**

- Бесконтактната (NFC) технологија е последниот развоен чекор кај картичките која овозможува извршување на плаќањата со доближување на картичката до читачот на терминалниот уред за плаќање.

**2. Како можам да добијам бесконтактна MasterCard или VISA картичка?**

- Сите картички кои ги издава Стопанска Банка АД Скопје, наменети за физички лица, вклучувајќи ги новите, реиздадените, како и обновените MasterCard и VISA кредитни и дебитни картички се со нов дизајн и вградена бесконтактна технологија. Сите постојни корисници на MasterCard и VISA картички на СБ ќе добијат бесконтактна картичка со обновувањето на картичката или доколку побараат нејзино реиздавање или предвремено обновување. Клиентите кои имаат картичка од СБ која не е бесконтактна можат да побараат замена во бесконтактна без трошок.

**3. Како се врши плаќање со бесконтактните картички?**

- Плаќањето се врши со доближување на картичката на читачот на ПОС терминалите (на помалку од половина сантиметар оддалеченост). Читачот се наоѓа на самиот екран на ПОС терминалите кои се користат во РМ, па затоа трансакциите се извршуваат со доближување на картичките на помалку од 5 милиметри оддалеченост од екранот на ПОС терминалите.

**4. Дали бесконтактните картички може да се користи на ПОС терминали каде ги нема ознаките за бесконтактни плаќања?**

- Да – бесконтактните картички се прифатени на сите уреди во светот со знакот на MasterCard и/или VISA. Таму каде уредот нема ознака за подршка на бесконтактни плаќања, трансакцијата се извршува на традиционалниот начин со внесување на картичката во ПОС терминалот и внесување на ПИН код.

**5. Кои се предностите што ги добивам со користењето на бесконтактна картичка?**

- Побрзо, полесно и посигурно плаќање со платежните картички. Бесконтактните плаќања со платежните картички се новиот еволутивен чекор во картичната технологија:




**6. Како да препознаам дека мојата картичка е бесконтактна?**

- Сите MasterCard/Visa картички кои го имаат универзалниот симбол за бесконтактни плаќања:

**7. Зошто на мојата картичка ја нема ознаката PayPass / PayWave туку само стои знакот за бесконтактно плаќање?**

- Во насока на поголема унифицираност на бесконтактните плаќања, од средината на 2015 година, ознаките PayPass и PayWawe се заменуваат со универзалната ознака (симбол) за бесконтактни плаќања. Во секој случај, бесконтактните MasterCard картички можат да се користат на сите ПОС терминали кои ја имаат ознаката "PayPass", додека бесконтатните VISA картички можат да се користат на сите ПОС терминали каде ја има ознаката PayWawe. Во следниот период се очекува ознаките да бидат повлечени од сите ПОС терминали и заменети со универзалната ознака за

бесконтактни плаќања прифатена и од двете водечки светски компании: Visa и MasterCard: .
На овој начин се одбегнува користењето на два термина за иста технологија (PayPass за MasterCard картичките а PayWave за Visa картичките).

- ПОС терминалите на Стопанска банка на кои е овозможено бесконтактно плаќање поддржуваат бесконтактни плаќања од двете водечки компании VISA и MasterCard.

**8. До кој износ може да се прават трансакции со бесконтактна картичка без употреба на ПИН код?**

- Во рамките на Република Македонија, внесувањето на ПИН код не е потребно за бесконтактните плаќања на износ до 750 денари доколку картичката е MasterCard, а 1100 МКД за VISA картичките.
- Надвор од РМ, износот на трансакции за кои не е потребен ПИН код се разликува, како на пример: 25 EUR во Еврозоната, 25 лева во Бугарија, 1500 динари во Србија, 30 GBP во В. Британија, 40 CHF во Швајцарија, 25 USD во САД. Памтењето на лимитите не е потребно затоа што ПОС терминалите во секоја од земјите се прилагодени автоматски да бараат ПИН код секогаш кога трансакцијата го надминува зададениот лимит за конкретната земја.

**9. Дали бесконтактната картичка можам да ја користам на банкомат?**

- Бесконтактната картичка може да се користи на банкомат на ист начин како и контактните картички – со внесување на картичката во читачот на банкоматот и внесување на ПИН код. Со развојот на технологијата во иднина се очекува бесконтактната технологија да воведе и на банкоматите.

**10. Колку блиску треба да биде картичката до ПОС терминалот за да се направи бесконтактно плаќање?**

- Бесконтактните плаќања функционираат само доколку картичката се доближи на оддалеченост помала од половина сантиметар (помалку од 5 милиметри) до читачот на ПОС терминалот.

**11. Дали плаќањето со бесконтактните картички подлежи на дополнителни трошоци или провизии?**

- Нема никакви дополнителни трошоци или провизии поврзани со користењето на бесконтактните картички на Стопанска банка.

**12. Дали доколку двапати или трипати ја доближам бесконтактната картичка до ПОС терминалот може да се случи да бидам 2 или 3 пати задолжен со истиот износ?**

- Бесконтактните картички на Стопанска банка користат напредна технологија која оневозможува двојно или тројно задолжување дури и ако неколку пати се допре или приближи картичката до ПОС терминалот за времетраењето на трансакцијата

**13. Како да знам дека плаќањето е извршено/комплетирано?**

- ПОС терминалот овозможен за бесконтактно плаќање самиот укажува кога трансакцијата е комплетирана со светлосна (зелено светло на терминалот) и звучна сигнализација. Вообичаено, секогаш ќе добиете и потврда за плаќање, како доказ за извршеното плаќање.

**14. Дали ќе добијам сметка за извршената трансакција?**

- Вообичаено, секогаш при извршувањето на бесконтактните плаќања ќе добиете сметка од терминалот, независно дали ви бил побаран ПИН код (трансакции над 750/1100 денари) или не ви бил побаран ПИН код (трансакции под 750/1100 денари). Сепак, имајќи предвид дека целта на бесконтактните плаќања е да овозможат брзо плаќање без задржување, издавањето на печатена потврда за плаќање не е задолжително за продавачот, но доколку ја побарате – треба да ви биде издадена.

**15. Дали морам да ја извадам картичката од паричникот за да извршам бесконтактно плаќање или плаќањето може да се изврши и преку паричникот?**

- Доколку паричникот се доближи доволно блиску до ПОС терминалот (поблиску од 5 милиметри), плаќањето може да се изврши со картичката преку паричникот (без да се извади картичката). Сепак, Стопанска банка препорачува секогаш при плаќањето да се извади картичката која се користи за плаќање, имајќи предвид дека сите картички издадени од банката ја имаат бесконтактната технологија.

**16. Дали бесконтактната картичка можам да ја користам за плаќања во странство?**

- Бесконтактните картички на Стопанска банка можат да се користат насекаде во странство на сите типови на ПОС терминали (бесконтактни и контактни).

**17. Дали бесконтактната картичка е безбедна за користење и плаќање?**

- Бесконтактната технологија е апсолутно безбедна и масовно се шири насекаде во светот. Само во земјите на Европската Унија досега се издадени повеќе од 300 милиони бесконтактни картички а се поголем е бројот на платежни места кои подржуваат само бесконтактни плаќања со картичка.

**18. Дали може без мое знаење да се изврши трансакција ако поминам покрај каса каде има бесконтактен ПОС терминал?**

- Не може трансакција да се направи со поминување во близина на бесконтактните ПОС терминали. ПОС терминалот прифаќа бесконтакни картички само:
    - Кога продавачот ќе внесе износ на трансакцијата (тогаш бесконтактниот читач е активен)
    - Кога картичката ќе се доближи до ПОС терминалот на далечина помала од половина сантиметер, односно помала од 5 милиметри, а на кој е веќе внесе износот на трансакцијата.

**19. Ако мојата картичка е изгубена или украдена, може ли лицето кое ќе ја најде да ја користи?**

- Ако картичката е украдена или изгубена, неопходно е корисникот веднаш да се јави во контакт центарот на Стопанска банка (02/3100 109) за да биде веднаш блокирана. За трансакциите до лимитот предвиден за плаќање без користење на ПИН код (750 денари во РМ), корисникот е изложен се до моментот на пријавата на картичката за украдена или изгубена.

**20. Што треба да направам ако ја изгубам мојата бесконтактна картичка?**

- Ако картичката е украдена или изгубена, неопходно е корисникот веднаш да се јави во контакт центарот на Стопанска банка (02/3100 109) за да биде веднаш блокирана

**21. Дали бесконтактните трансакции се посебно означени на месечниот преглед од картичката?**

- Не – бесконтактните трансакции се прикажани на идентичен начин како и останатите.

**22. Какви се трендовите во светот при користењето на бесконтактната картичка?**

- Бесконтактните картички масовно се применуваат насекаде во светот а особено во земјите од Европската Унија каде веќе се издадени повеќе од 300 милиони бесконтактни картички.

**23. Дали бесконтактните картички можат да се користат само на ПОС терминали на Стопанска банка?**

- Бесконтактните картички на СБ можат да се користат на било кој бесконтактен ПОС терминал, вклучително и бесконтактни терминали на други банки во земјата и странство, доколку го поддржуваат соодветниот бренд (MasterCard или VISA).

**24. Дали бесконтактната картичка може да се вчита и пренесе во мобилниот телефон за потоа плаќањата да се вршат преку мобилниот телефон со користење на Apple Pay, Android Pay или Samsung Pay ?**

- Бесконтактните картички ја содржат напредната NFC технологија која е присутна и во поновите модели на мобилни телефони. Сепак, засега не постои таа можноста за вчитување на податоците од бесконтактната картичка во мобилните телефони, но во иднина се очекува овие сервиси да бидат овозможени и за клиентите од нашата земја.

25. **Дали странци (или наши што живеат во странство) кои доаѓаат од земји каде веќе е овозможено интегрирање на картичките со мобилните телефони (Apple Pay, Android Pay или Samsung Pay), можат да вршат плаќања со мобилниот телефон во Македонија?**
    - Да – лицата кои поседуваат картички од земјите каде овие сервиси се активни (САД, В. Британија и сл.) можат да ги користат мобилните телефони за плаќање на бесконтактните ПОС терминали во РМ.